***З А П И С Н И К***
***од вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 28.03.2023 година***

Седницата се одржа во кабинетот на Градоначалникот на општина Демир Хисар со почеток во 10 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 6 (шест) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, советниците Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Јордан Кромидаровски, Даниела Давидевска, Магдалена Вељановска, а отсутни беа советниците Сашо Михајловски Сандра Пејковска, Валентин Несториски, Филип Ангелевски и Јасмина Јовановска. На седницата присутен беше Градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинската администрација присутен беше Раководителот Валтко Станковски и Александра Трајковска. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година.
2. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата, констатира присуство од шест советници, исполнети се условите за работа на Советот, а потоа му даде збор на Градоначалникот на општината Никола Најдовски да даде образложение за свикување на седница од итен карактер. Градоначалникот Никола Најдовски образложи согласно одлуката за санација на дел од водоводната мрежа во с.Слепче, потребно е да се направи измена на распоредот на средствата во Буџетот со цел да може да се плати на изведувачот за извршените работи. Работите ги извршува ЈКП „Комуналец" Демир Хисар. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложениот Дневен ред го стави на гласање. Едногласно со 6 „за" беше усвоен Дневниот ред.

***ТОЧКА 1. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година***

Во врска со Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година раководителот Влатко Станковски објасни во програма ЕА0 намалено е 300.000 оваа ставка е планирана за реконструкција на деловни објекти и 600.000 се намалуваат во програма Ј30 јавно осветлување ако цената на електричната енергија се движи како сега ќе имаме доволно средства, ако се случи големи разлики во цената на електричната енергија, со ребалансот ќе планираме средства. Овие 900.000 ќе се планираат во програма ЈГ0 изградба на системи за водоснабдување. Советникот Аце Јанкуловски праша колку е сега сметката на електричната енергија. Раководителот Влатко Станковски објасни од 800.000 сега е 300.000. Градоначалникот Никола Најдовски додаде се надеваме дека нема да има повторно зголемување на цената на електричната енергија како што тоа беше предходно, потоа додаде се направи набавка на материјали за уличното осветлување ќе се изврши замена на сијалиците по улица Битолска, 1-ви Мај, за патот за Слепче и по главната улица во Сопотница. Ќе се заменат

со лед сијалици ќе бидат програмирани ноќе да ја намалуваат светлината. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Одлуката гласаа 6 „за” против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 2. Предлози и прашања***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се донеси одлука да се стават на продажба објектите кои се сопственост на општината, не се користат, а има заинтересирани.

Исто така предложи да се донеси одлука за објектот од „Психијатриската болница” кој е на користење на општината да се планира да се изгради старски дом со јавно приватно партнерство. Кај спорската сала има канал за поправка на возила можи да се користи за потребите на општината и јавното претпријатие.

Советникот Аце Јанкуловски укажа на потребата да се исчисти каналот кај градскиот стадион, бидејќи од дождовите водата стои на површината во игралиштето не се исцедува во каналот.

Советничката Марина Димитријовска праша за проектот за Прибилци до каде е постапката. Градоначалникот Никола Најдовски објасни чекаме одговор за три проекти тротоарот во Демир Хисар, улица во Стругово и улици во Прибилци.

Советникот Јордан Кромидаровски истакна во Смилево потребно е да се санираат два потпорни ѕидови на патот и мостот е оштетен да се направи увид од стручни лица да се изготви предмер пресметка, за тоа има поднесено барање до општината, исто така да се најди начин да се направт двете улици има изготвено проекти. Градоначалникот Никола Најдовски објасни за двете улици ќе се најди начин да се среди, додека за изградба на потпорните ѕидови да се најди мајстор да ги санира, уште од август месец беше разговарано да се најди мајстор за ѕидовите.

Дискусијата беше исцрпена. Повеќе немаше предлози и прашања.

Дневниот ред беше исцрпен. Претседателот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17-444/3<br>12. 04.2023 година<br>Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар<br>Претседател,<br>Љупчо Најдовски с.р.